# MkPay

система за е-плаќање

## Плаќање на сметки со кредитна или дебитна картичка преку Интернет.

mkpay.mk

# Што еMkPay?

MkPay е апликација што Ви овозможува Вашите сметки или фактури да ги платите преку Интернет со користење на кредитна или дебитна картичка од брендовите Visa и MasterCard.

На овој начин може да се плаќаат само фактури на оние трговци или вршители на услуги кои се регистрирани во системотMkPay.

Системот ги исполнува барањата на највисоките безбедносни стандарди со што се гарантира сигурноста на вашите податоци.

Користењето е во два чекори:

- избор на трговец и фактура што се плаќа
- плаќање со картична трансакција

# Како работи MkPay?

За да можете да ги користите услугите на овој систем потребно е прво да се најавите. За таа цел, на адресата [www.mkpay.mk](http://www.mkpay.mk) внесувате Ваша мејл адреса на која имате соодветен пристап.




Со кликнување на копчето „Потврди“ на адресата што ја внесовте ќе Ви биде испратена порака која ќе содржи шифра што треба да се внесе на следниот екран.



Доколку не добиете лозинка или таа е погрешна имате две можности: да побарате нова или да наведете нова мејл адреса на која таа ќе Ви биде испратена.

**Напомена: лозинката може да се користи само еднаш и при секое следно најавување мора да побарате нова лозинка.**

Потоа има уште една проверка – потребно е да ги внесете карактерите што се дадени на сликата десно од полето за внесување.
Откако успешно ќе се најавите, системот ве води на друг екран каде можете да одберете кои фактури / сметки ќе ги плаќате, преку копчето „Додади нова фактура“.



Потоа се отвора ново мени во кое можете да одберете кому плаќате („Примач“ –**одбирате „РС Боби 99“ дооел**), а во полето „Претплатнички број“ – ги внесувате **првите осум цифри** од бројот на вашата фактура за месечни трошоци.

Полето „Краток опис“ е опција, исто како и изборот на јазик. Потоа се појавува листа со фактури од која можете да одберете која фактура сакате да ја платите. Со кликнување на копчето „Зачувај“ избраната фактура се додава во листата на следниот екран.




Тука можете да одберете додавање на следна фактура за плаќање (копче „Додади нова фактура“) или да ги платите избраните фактури на копчето „Плати“.

# Плаќање

По кликнување на копчето „Плати“ системот Ве води на екран каде треба да се внесат податоците за картичката со која сакате да платите.




Доколку плаќањето е успешно, добивате екран со потврда и известување на Вашиот мејл.




Во случај на било каков проблем што може да се појави при плаќањето Ве молиме да пратите информација на мејлот info@rsbobi99.mk и ние ќе ве контактираме следниот работен ден откако ќе го добиеме изводот со трансакции.

„РС Боби 99“ дооел

Почитувани,

ние во „РС Боби 99“ дооел како управители со вашата зграда имаме само една цел: зградата да биде место каде секој од Вас ќе се чувствува пријатно и безбедно, а Вашиот стан да биде вистински дом.

Важен дел од тој процес е намалување на Вашите трошоци и заштеда на Вашето време.

Оваа наша цел ја оствaруваме преку постојано воведување електронски сервиси за секој сегмент од нашето работење.

Плаќањето на фактурите за месечни трошоци во Вашата зграда преку Интернет Ви нуди две многу важни придобивки:

- плаќањето е со минимална провизија, незначителна споредено со таа што би ја платиле кога би уплаќале во банка или пошта:
    - Плаќање до 600 МКД – провизија од 20 МКД;
    - Плаќање од 600 МКД до 1000 МКД – провизија од 25 МКД;
    - Плаќање над 1000 МКД – провизија од 2.5% од сумата.
- плаќањето може да го направите од било каде – нема трошоци за превоз и потрошено време на шалтери и пред банки

И најважно, целосно е безбедно и за Вашето здравје и за вашите пари.

Во ова упатство опишан е начинот како се користи овој сервис, но сепак ако ви треба дополнителна помош ве молиме да се јавите во повикувачкиот центар на „Касис“ АД на бројот 02 / 32 93 888.

mkpay.mk

**Тимот на „РС Боби 99“ дооел**